Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Erasmus+

NATIONAL AGENCY
for European Educational
Programmes and Mobility

2021

# ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ

***„Подобрување на активните мерки за младинско вработување“***

**(2020-3-MK01-KA347-094454)**

Коалиција на младински организации СЕГА

***Содржина***

Вовед........................................................................................................................ 3
Позиција................................................................................................................... 3
Анализа на моменталната состојба............................................................................... 4
Препораки за унапредување на мерките за младинско вработување........................................ 5
1. Систем на образование.......................................................................................... 5
2. Систем на труд и социјална политика ..............................................................6
3. Приватен сектор (Граѓански сектор и бизнис заедница)...............................................6

## Документ со Препораки

### *„Подобрување на активните мерки за младинско вработување“*

***Вовед***

Во изминатиот период, доста беше потенцирана ситуацијата со пандемијата предизвикана од КОВИД-19, почетоците, влијанието, како и последиците. Додека имаме уште многу повеќе да учиме, сепак мора да ги имаме во предвид ризиците и да преземеме акција со цел да ги поддржиме оние кои беа меѓу најпогодената категорија, младите кои сега се познати како “lockdown generation”. Без релевантни информации за нивните потреби и нивна стабилна вработливост, како и квалитетни решенија, се зголемува ризикот за нивна социјална исклученост. Во тој ризик ја имаме и нивната идна вработливост како и нивните вештини кои треба да бидат релевантни на потребите на пазарот на трудот.

За да се пресретнат ваквите состојби Коалиција на младински организации СЕГА го спроведе проектот „Подобрување на активните мерки за младинско вработување“ кој се спроведува во рамки на Еразмус+ програмата, „Клучна Акција 3 - Структурен дијалог и донесувачи на одлуки“. Проектот се фокусираше на темата младинска невработеност и подобрување на политиките и мерките за вработување на младите во услови на пандемија, а со посебен фокус на маргинализираните групи на млади. Во рамки на проектот беа реализирани локални дискусии на тема „Придонес кон зајакнување на мерките за младинско вработување“ во 11 општини (Прилеп, Новаци, Штип, Охрид, Кочани, Свети Николе, Тетово, Гази Баба, Шуто Оризари, Кисела Вода и Бутел) каде што младите дискутираа за потребните интервенции за поголема ефикасност при спроведување на политиките за младинска вработеност, спроведени во текот на мај 2021 година. Последователно на тоа беше организирана и четиридневна Национална работилница каде што беше применет методот на Структурен дијалог каде што заедно дискутираа млади и донесувачи на одлуки, претставници на домашни и меѓународни институции и организации. Резултат од целиот процес е овој Позициски документ кој содржи препораки за подобрување на мерките за младинско вработување.

***Позиција***

Граѓанските организации и младите се исклучително битен фактор кој треба да биде вклучен при креирањето на релевантни политики и мерки за младите. Процесите на креирање на политики за младинско вработување треба да овозможат и поттикнат култура на партиципативност при што треба да се обезбеди активно вклучување на младите и младинските организации преку метод на структурен дијалог со донесувачи на одлуки, заедничко креирање на препораки за ревидирање на веќе постоечките политики и застапување за усвојување на политики и мерки за вработување на младите во услови на виша сила (пандемија), а со посебен фокус на вклучување на маргинализираните млади. При програмирањето на новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година да се вградат препораките на младите и граѓанските организации во насока на максимално искористување на постоечкиот младински потенцијал преку зголемување на обемот на мерки кои се поатрактивни за младите луѓе.

***Анализа на моменталната состојба***

Невработеноста и социјалната инклузија претставуваат сериозен предизвик со кои се соочува државата во континуитет, а посебно маргинализираните млади лица. Дополнително, Северна Македонија се соочува со една од највисоките стапки на невработеност во Европа. Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 дополнително придонесе кон зголемување на стапката на невработеност во изминатиот период, која што според последните податоци, од прво тромесечје од 2021 година, вкупниот број на невработени млади на возраст од 15 – 29 години е 54 263, со што стапката на невработеност кај младите е 28,8 % [1].

Производ на оваа состојба е и фактот што младите (15-29 години) се соочуваат со низа проблеми за влез на пазарот на трудот како што се: несоодветност на стекнатите знаења и вештини во формалниот образовен процес со реалните потреби на пазарот на трудот, долгиот просечен период за премин на младите лица од училиште на работа (2,5 години) [2], како и недоволниот и квалитетен број на слободни работни места. Уште поголем проблем претставува големиот број (повеќе од 130.000) на млади NEET кои не се во образовен процес, не се вработени, ниту се во процес на обуки [3].

Од друга страна пак, со цел справување со невработеноста и пораст на стапката на вработеност, во континуитет се развиваат и имплементираат економски, образовни и политики за вработување. Основна цел на политиките е постигнување на повисок степен на социјална инклузија преку вработување на ранливите групи на невработени лица, посебно на младите лица кои се дел од: „Национална стратегија за вработување 2016-2020 година",„Национален акциски план за вработување на млади 2016-2020 година", „Национална стратегија за социјална инклузија", „Оперативен план за активни програми на пазарот на трудот и услуги за вработување", како и законските измени во трудовото законодавство и воведување на закони кои се однесуваат на економска и социјална инклузија на младите во општеството. Ваквата состојба сериозно го наметнува прашањето „дали сите овие политики и мерки се креирани во меѓусебна корелација и дали истите се адекватно дизајнирани за да има видлива промена на состојбата со младинската невработеност?"

Состојбата со невработеноста на младите предизвикува и миграциски движења, односно одлив на млади кадри од државата. Младинската миграција негативно влијае и на инвестициите и економскиот развој на земјата. Младинската невработеност, освен тоа што негативно влијае врз перцепциите на младите, води до повисоки социјални трошоци и загуба на инвестициите кои биле реализирани во образованието и обуката на овие млади лица.

Во новонастанатата ситуација младинските граѓански организации од самиот почеток беа во првите борбени линии и гласот на младите во општеството. За нас како организација, тоа беше исто така период на предизвици, промени, планирања и раст. Во текот на целиот процес Коалиција на младински организации СЕГА остана посветена кон креирање на решенија и брза адаптација на новите промени и актуелни трендови. Коалицијата на младински организации СЕГА во изминатиов период спроведе проекти за зајакнување на младите и нивната вработливост.

---

[1] Извор: Резултати од Анкетата за работна сила од Завод за статистика на РСМ
[2] Извор: Студија на Меѓународната организација на трудот "Премин на младите лица од училиште на работа
[3] Извор: Студија на Меѓународната организација на трудот "Премин на младите лица од училиште на работа

Дел од нив беа проектите: „Зајакнување на вештините за вработување на ранливите групи во Прилеп“ [4], Програмата за животни вештини и вработливост во рамки на проектот „Зајакнување на младите преку нови можности во Прилеп" [5], Инфо Клуб Штип [6], „Преку вработливост до социјална инклузија на младите луѓе“ [7]. Преку овие проекти беа зајакнати вештините за вработливост на повеќе од 140 млади.

Во контекст на овој документ, фокусот ќе биде ставен кон подобрување на активните мерки за младинско вработување во форма на препораки, релевантни на барањата и потребите на младите, кои претставуваат коментар во однос на квалитетот на постојните политики и мерки кои се спроведуваат за вработување на младите, а се во насока на нивна ефективност во услови на пандемија.

***Препораки за унапредување на мерките за младинско вработување***

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, Коалицијата на младински организации СЕГА, врз основа на споделените ставови и коментари од страна на младите, институциите и граѓанските организации, смета дека следните препораки треба сериозно да се земат предвид при идните процеси на креирање на политики за младинско вработување.

**1. Систем на образование**

− Значително зголемување на соработката и системската комуникација на Министерство за образование и наука со бизнис заедницата и стопански комори во насока на креирање програми кои ќе овозможат стекнување на практични работни вештини кај младите;

− Реактивирање на постоечките кариерни центри и кариерни советници во средните училишта и воведување на кариерни центри и кариерни советници во основните училишта, со менторски пристап за работа со млади и фокус кон професионална ориентација;

− Воведување на задолжителен предмет „животни вештини“ во текот на целиот образовен процес од најмала возраст;

− Воведување на задолжителна практична настава во сите средни училишта, стимулирајќи активно вклучување на бизнис секторот за извршување на практична настава на учениците;

− Зајакнување на меѓу-секторската соработка на регионално и локално ниво помеѓу бизнис секторот, Центрите за вработување и образовните институции со цел поефективно да се детектираат потребите на пазарот на труд во насока на креирање на релевантни образовни програми;

− Поголема промоција на придобивките од неформално образование кај младите и приватниот сектор преку взаемна соработка на Министерство за образование и наука и граѓанскиот сектор;

---

[4] https://segaorg.mk/en/about-us/projects/item/108-enhancing-employability-skills-of-vulnerable-groups-in

[5] https://segaorg.mk/en/about-us/projects/item/116-2020-07-24-10-37-46

[6] https://segaorg.mk/en/about-us/projects/item/109-youth-club-shtip

[7] https://segaorg.mk/en/about-us/projects/item/107-through-employability-to-social-inclusion-of-young-peop

− Организирање на информативни настани (инфо денови) во средните училишта и факултетите за мерките и услугите кои ги нудат локалните и националните институции (Министерство за образование и наука, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт, Граѓански сектор и општините);
− Воспоставување и промоција на онлајн платформа каде ќе бидат достапни сите информации, мерки и услуги за младинска помош, надоградување и вработување;
− Поттикнување на значителна примена на дигитални алатки во образовниот процес во текот на сите предмети во основното и средното образование во насока на јакнење на дигиталните компетенции на учениците кон полесна транзиција во светот на работата.

**2. Систем на труд и социјална политика**
− Планирање и спроведување на континуиран процес на обуки за градење на капацитети, со фокус на дигиталните компетенции на персоналот во Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) во насока на поквалитетна испорака на услугите кои се наменети за поддршка за вработување на млади;
− Поголема отвореност и достапност на институциите за социјално ранливите категории и НЕЕТ млади преку меѓу-секторска соработка во делот на размена на информации на пазарот на трудот;
− Зголемување на информираноста на корисниците на Гарантирана минимална помош (ГМП) за придобивките од вклучување во субвенционираните мерки од Оперативниот План за вработување;
− Подобрување на постоечките и воведување на нови мерки за даночни поволности за поддршка за компаниите во насока на зголемување на бројот на млади корисници на мерки во приватниот сектор;
− Воспоставување на интегриран систем со цел подобро управување со податоци на невработени млади (една база за податоци);
− Да се зголеми улогата на младинските организации при дизајнирање и спроведување на Гаранцијата за млади како и во процесот на оценување на ефектите од истата;
− Да се обезбеди посебна обука за специјални медијатори од редот на младинските организации кои ќе ги спроведуваат теренските активности на мапирање и регрутирање на младите за нивни влез во Гаранција за млади;
− Поставување на стандарди за квалитет на спроведување на Гаранција за млади.

**3. Приватен сектор (Граѓански сектор и бизнис заедница)**
− Младинските центри, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики заедно со граѓанскиот, сектор задолжително да воведат програми за вработливост за млади во ризик;
Застапување на граѓанскиот сектор за зголемување на фондови при програмирањето на донаторската заедница за мерки за младинско вработување;
− Вклучување на младинските организации како поддршка за АВРСМ при спроведување на услугите (процеси на обуки за вработливост на млади);
− Јакнење на интерните капацитети на бизнис заедницата за обезбедување менторска поддршка на практиканти;
− Подобрување на процесите на координирано стратешко планирање помеѓу приватниот и државниот сектор на регионално и локално ниво, обезбедувајќи широк консултативен процес (локални дебати, дискусии, редовни квартални состаноци).

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Erasmus+

NATIONAL AGENCY
for European Educational
Programmes and Mobility

# БЛАГОДАРНОСТ

**Им се заблагодаруваме на сите млади и претставници на локални и национални институции за посветеното време, поддршка и активно учество во процесот на имплементација на активностите од проектот „Подобрување на активните мерки за младинско вработување“ , како и за значајниот придонес во развивањето на препораките за подобрување на мерките за младинско вработување, кои се презентирани во овој документ.**

**Искрено се надеваме дека Вашата улога ќе продолжи и во процесот на застапување за овие препраки да најдат практична примена во институциите во насока на максимално искористување на постоечкиот младински потенцијал преку зголемување на обемот на мерки кои се поатрактивни за младите луѓе.**

**Со почит,**
**Коалиција на младински организации СЕГА**

Цар Самоил, 18 7500 Прилеп
+389 48 429 390
www.sega.org.mk
sega@sega.org.mk
coalitionsega
coalitionSEGA